

# МАКЕДОНСКИ ПЕЈЗАЖ

## УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - СКОПЈЕ

1950 - 1960

На насловната страна:
АНДОНОВ ДИМИТАР — ЗОГРАФОТ
МОТИВ од с. Драчево
(ред. бр, 1)

# *Македонски пејзаж*

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ 1950-1960

ПЕЧАТ ГРАФИЧКИ ЗАВОД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ — СКОПЈЕ

## МАКЕДОНСКИ ПЕЈЗАЖ

Изложбата на македонскиот пејзаж воедно ја одбележува и прославата на Десетгодишнината на отворањето на Уметничката галерија во Скопје. Целта на оваа установа е да делува и дидактички и културно-историски што беше и основната замисла по повод оснивањето. Покрај желбата да се собираат делата на југословенската ликовна уметност на XIX и современата од XX век и на тој начин на оваа галерија да ѝ се даде југословенски белег, се пристапи кон прибирање на експонати-икони од средновековната уметност и современата македонска со цел да се делува и историски. Имено, со прибирањето на работите на современото македонско сликарство и скулптура се создава колекција врз чија база подоцна ќе се одбележува и културната-ликовна историја во Македонија по ослободувањето.

Идејата за реализирање на ваква изложба ја носеше во себе си иницијативата по некој начин да се приберат ликовни податоци за натамошно научно обработување на оној преоден период од последните години на XIX и почетокот на XX век, којшто во сушност претставува почеток на световното, современо сликарство во Македонија. Општо е познато дека современото македонско сликарство историски се смета дека започнало од втората четвртина на XX век, т.е. од првите самостојни изложби на сликарите од првата, академски образована сликарска генерација (Аврамовски — Пандилов Димитар, Личеноски Лазар, Мартиноски Никола, Коџоман Вангел, Владимирски Томо и др.).

Меѓутоа, треба да се одбележи и фактот да при собирањето на уметничките дела за оваа теамтска изложба се утврди дека световното сликарство во Македонија, иако интерпретирано во наивно-примитивен стил на нашите зографи, суштествувало уште преди да се појави првата генерација на академски образовани сликари. Пејзажот, како посебен сликарски род се јавува од првите години на XX век, а како дел од религиозната композиција уште многу порано.

Мислата е за оној дел од иконите каде покрај вообичаениот мотив восхитот на сликарот-зограф навоѓал свое мсето токму во пејзажот. Фактот дека овие пејзажи — делови од иконите — се предавани со повеќе или помалку слобода, што зависело од инвенцијата на зографите, води потекло уште поодамна. Во поново време се повеќе се поткрепува мислењето дека таканаречената македонска средновековна сликарска школа во рамките на византиската уметност имала најмногу отстапување и слобода на изразот во длабокото средновековно сликарство. Оваа слобода, творештво или инвенција — било како да ја наречеме — зашто не би била и поголема и посамостојна во втората половина на XIX век, тогаш кога огништето и центарот на византиското сликарство е одамна минато време, а окупацијата на Турција била во надвечерието на нејзиното постоење.

Нашите зографи од втората половина на XIX и првите години на XX век, следејќи ги традициите на печалбарството, секако доаѓале во допир со новите струења или установените веќе стилови на европското сликарство. Кога авторите — зографи немале слобода во својата сопствена земја, тие неможеле да творат некое прифатено веќе световно сликарство, но пак затоа се определиле за атрибути на религиозното, во овој случај на пејзажи во композициите на поедини празници или дури и наивни обиди за сликање на попатни белешки како засебни пејзажи. За тоа ни зборува еден мал детски портрет од нашиот последен означаен зограф Дитрије Андонов — Папрадишки работен во 1885 г. во духот на академскиот современ реализам како потврда дека врз неговото творештво влијаело неговото школување во иконографската школа во Кијев. Пејзажите на Димитрије Андоновски и други наши зографи, како самостојни работи, носат во себе елементи што се во директна врска со фреско — сликарството и иконописот, со голема доза на идиличност. Поедини експонати на оваа изложба во сушност представуваат мали селски идили или пасторали. Спонтаноста и намерата да се твори нешто што немало врска со црквнеите прирачници, ги терале нашите први наивни да сликаат примитивно, но ведро и искрено, што ја представува најголемата вредност и привлечност на овие први македонски пејзажи. Најдобра илустрација за ова мислење секако представува еден голем пејзаж со фигурална композиција од зографот Ѓ. Ан. насликан во 1915 г. по порачка на учителот Пано Коцев од селото Ваташа. Учителот П. Коцев порачал од зографот да му го наслика првиот чин од позоришната пиеса „Крвавата македонска свадба“ од В. Чернодримски. Во обработката на оваа тема пред зографат наеднаш никнала една сосема нова сликарска концепција и како таква тој ја остварил. Во неа е прикажана вистинска селска пасторална сцена во која не се изоставени потребните атрибути. Покрај пејзажот, даден во два плана, на сликата се гледа овчар со кавал, фигури во празнична селска облека, овчарско куче и мала, импровизирана лулка со дете

во неа. Движењата на фигурите се духовито решени и претставуваат наполно инвенција на овој зограф. Влијанието на фреските е очигледно врз пејзажот, а нежниот колорит во кој е обвиткана целата композиција дава атмосфера на еден летен, селски работен ден во Македонија.

На пејзажите на Димитрија Андонов — Папрадишки можат да се одбележат неколку стила. Недоследностите што се сретнуваат во пејзажите не треба да му се припишат како минус на зографот заради тоа што тој немал намера преку пејзажот да делува како сликар, туку сакал да створа попатни спомени од краиштата во Македонија каде што долго време работел. И спрема тоа со што најнапред бил одушевен и инспириран, се редат обработките на неговите пејзажи. Едните ги сфатил како чисто колористички, каде што реалниот цртеж бил второстепен, другите како богато изобилие на етнолошки елементи-сликање на народни носии и обичаи —, а некои пак чисто реалистички, каде што било нужно специјално да се одбележи одреденото место сврзано за некоја поединост од животот.

Првата генерација на македонските сликари го обработува пејзажот како самостоен сликарски род. Меѓутоа и мнозина југословенски сликари сликаат пејзажи со мотиви од Македонија. Најмногу од сите југословенски сликари што обработувале пејзаж од Македонија е нашиот познат графичар Љуба Ивановиќ. Неговите творби се или цртежи со молив или графики во црно-бело. Реалистички креирани овие пејзажи служат и како документација на времето, бидејќи во најголема степен ја обработуваат старата архитектура од Македонија и културно-историските споменици, нашите манастири средновековни, како и ведутите на питорескните мали градчиња во Македонија. Традицијата на овој род пејзажи денеска ја одржува Ѓ. Ачески, сликар од Прилеп. Томислав Кризман, покрај пејзажи — цртежи, работел и графики во боја на иста тема.

На колористички предадени македонски пејзажи, било тие да се работени во масло или акварел, застапени се скоро сите правци што овозможувале да се наслика и доживее еден пејзаж. Димитар Аврамовски — Пандилов и денеска слика пејзажи во некој појак или поздржан импресионизам, како и во почетокот на својата сликарска кариера. Еден пејзаж на Милан Миловановиќ „Скопје“ сфатен е на исти начин. Сликарот Лазар Личеноски најмногу сликал пејзажи од Македонија. Сите негови работи вон од овој сликарски род се помалку или повеќе попатни одушевувања. На сите негови пејзажи не само што се чувствува бојата на македонскиот пејзаж туку и интензивниот колорит зборува за македонското поднебје што го неисцрпно инспирира. Третиот пејзажист е Вангел Коџоман кој што низа години сликал пејзажи во импресионистички дух, а последните години преминал кон експресионистичко приоѓање на пејзажот. Томо Владимирски прво сликаше импресионистички пејзажи, потоа реали-

стички, а денес внесува и доза на лирика. Од акварелистот Поповиќ Василије — Цицо има најмногу пејзажи со мотиви од Скопје и неговите улици. Додека Белогаски Љубомир створи и посебен стил во сликањето на своите акварели-пејзажи од Македонија. Живојин Влајниќ своето престојување и работа во Македонија ја одбележи со многу пејзажи во нешто послободен академски реализам.

Македонските сликари од средната и последната генерација во духот на времето во кое се формираат сликаат и македонски пејзаж. Застапени се различни правци и стилови: експресионизам, колористички реализам, фовизам, деконпонирање и решавање во плохи, па дури и надреализам. И денеска македонскиот пејзаж дава неисцрпни инспирации во мотивите што се менуваат од најгруба дивина на нерамните краишта до питомите рамнини крај реките и езерата.

**Елена Мацан**

*Скопје — 1960*

**АНДОНОВ ДИМИТАР-ЗОГРАФОТ, Скопје**

роден 1859 во с. Папрадиште (Титовелешко) умрел 1954

1 МОТИВ ОД С. ДРАГАЧЕВО, масло на платно
66 × 82, своина на Галеријата

2 ПЕЈЗАЖ, масло на платно
46 × 48, своина на Галеријата

3 НИШАЛКА, масло на шперплоча
59 × 45, Своина на Галеријата

4 ПЕЈЗАЖ ОД МАТКА. масло на картон
31 × 33, своина на Галеријата

**АН. Ѓ.**

од с. Ваташа (Кавадарско)

5 ПЕЈЗАЖ, масло на платно 1915
120 × 150, приватна своина

**АВРАМОВСКИ ПАНДИЛОВ ДИМИТАР, Скопје**

роден 1898 во с. Тресонче

6 ОХРИД, масло на платно 1950
64 × 53, своина на Галеријата

7 ВРШИДБА, масло на платно 1952
54 × 65, своина на Галеријата

**АНТИЌ РАДОМИР, Ниш**

роден 1929 во Пирот

8 МОТИВ ОД ПРИЛЕП, масло на платно
70 × 50, своина на Народниот музеј, Прилеп

**АЧЕСКИ ЃОРЃИ, Прилеп**

роден 1914 во Прилеп

9 МОТИВ ОД ОХРИД, цртеж-туш
37 × 27, своина на Галеријата

10 КУЛАТА ВО С. ДЕБЈАНИ, цртеж-туш
36 × 23, своина на Галеријата

11 СТАРА АРХИТЕКТУРА, цртеж-туш 1958
34 × 49, своина на Галеријата

12 МАНАСТИРОТ СВ. БОГОРОДИЦА, Трескаец цртеж-туш
34 × 49, своина на Галеријата

**БАРУТОВСКИ БОЖИН, Скопје**

13 МОТИВ ОД ОХРИД, 1960 графика
78 × 59, своина на авторот

**БЕЗЕНБАХЕР МАРИО, Загреб**

14 МОТИВ ОД ПРИЛЕП, темпера
29 × 42 своина на Народниот музеј, Прилеп

**БЕЛОГАСКИ ЉУБОМИР, Скопје**
роден 1912 во Делчево

15 ТИТОВ ВЕЛЕС, акварел
43 × 63, своина на авторот

16 КРУШОВО, акварел
43 × 63, своина на авторот

17 СЕЛСКИ МОТИВ, акварел
50 × 71, своина на Галеријата

18 ПЕЈЗАЖ, акварел
22 × 27, своина на Галеријата

**БИБИЌ ПЕТАР, Белград**
роден 1893

19 МОТИВ ОД СКОПЈЕ, масло на платно
60 × 95, своина на Галеријата

20 МАНАСТИРОТ СВ. ЈОВАН-КАНЕО, масло на платно
49 × 59, своина на Галеријата

21 МОТИВ ОД КРАТОВО сепија
31 × 40, своина на Галеријата

**БЛАЖИЌ ЗДРАВКО, Београд**
роден 1917 во Ст. Бечеј

22 ПЕЈЗАЖ, масло на платно
48 × 58, своина на Галеријата

23 СТАРОТО ПРИСТАНИШТЕ ВО ОХРИД, масло на картон
33 × 38, своина на Галеријата

**ВАСИЛЕВСКИ СТЕВАН, Прилеп**
роден во Прилеп

24 МАРКОВ ГРАД, масло на платно
80 × 50, своина на авторот

**ВЕЛКОВ ИВАН, Скопје**
роден 1930 во Врање

25 СТАРО СКОПЈЕ, масло на платно
70 × 54, своина на Галеријата

**ВИДИМЧЕ ПЕЦО, Битола**
роден 1921 во Битола

26 МОТИВ ОД ОХРИД, масло на платно
115 × 78, своина на Галеријата

27 МОТИВ ОД С. БУКОВО, масло на платно
52 × 37, своина на Галеријата

28 ПЕЈЗАЖ ВО СИНО, масло на картон
58 × 75, своина на авторот

**ВЛАДИМИРСКИ ТОМА, Скопје**
роден 1904 во Скопје

29 СТАРО И НОВО СКОПЈЕ, масло на платно
45 × 59, своина на Галеријата

30 МЛАДО ЖИТО, масло на картон
52 × 65, своина на авторот

31 ЛАВИНИ, масло на картон
60 × 45, своина на авторот

**ВЛАЈНИЌ ЖИВОЈИН, Белград**
роден 1901 во Белград

32 ПОД ШАР-ПЛАНИНА, масло на картон
48 × 71, своина на Народниот музеј Белград

**ГЕРЛОВИЧ АЛЕНКА, Љубљана**
родена 1919

33 МОТИВ ОД ПРИЛЕП, масло на платно
57 × 62, своина на НМ Прилеп

34 ЦРКВАТА СВ. БЛАГОВЕШТЕНИЕ, масло на платно
56 × 94, своина на Народниот музеј Прилеп

**ГОЛ ПРЕДРАГ, Славонски Брод**

35 МОТИВ ОД ПРИЛЕП, масло на платно
70 × 50, своина на Народниот музеј Прилеп

36 СААТ КУЛА ВО ПРИЛЕП, масло на платно
70 × 50, своина на авторот

**ЕФТИМОВА КАТЈА, Скопје**
родена 1916 во Пазарџик

37 ОТЕШЕВО, масло на картон
50 × 60, своина на авторот

**ЕШКИЌЕВИЌ ВАСА, Нови Сад**
роден 1873, умрел 1933

38 МОТИВ ОД ПРЕДГРАДИЕТО НА БИТОЛА, 1918
масло на картон
50 × 37, своина на Народниот музеј Белград

**ИВАНОВИЌ ЉУБА, Белград**
роден 1882, умрел 1945

39 МОТИВ ОД КРАТОВО, цртеж
50 × 35, своина на Галеријата

40 УЛИЦА ВО ОХРИД, цртеж 1927
46 × 35, своина на Галеријата

41 МАРКОВ ГРАД ВО ПРИЛЕП, цртеж
50 × 33, своина на Галеријата

42 МОТИВ ОД ОХРИД, цртеж 1927
50 × 36, своина на Галеријата

43 МОТИВ ОД КОЧАНИ, цртеж
35 × 25, своина на Галеријата

44 ЧАРШИЈАТА ВО БЕРОВО, цртеж 1925
50 × 36, своина на Галеријата

45 МОТИВ ОД ОХРИД, цртеж 1926
50 × 33, своина на Галеријата

46 МОТИВ ОД БИТОЛА, цртеж 1927
50 × 36, своина на Галеријата

47 ПАНОРАМА НА КРАТОВО, цртеж 1925
50 × 36, своина на Галеријата

48 МОТИВ ОД КИЧЕВО, цртеж 1927
50 × 36, своина на Галеријата

49 МОТИВ ОД ОХРИД, цртеж 1926
50 × 36, своина на Галеријата

50 МОТИВ ОД БИТОЛА, цртеж 1926
46 × 33, своина на Галеријата

51 МАНАСТИРОТ СВ. ЈОВАН, СЛЕПЧЕ, цртеж 1924
50 × 33, своина на Галеријата

52 УЛИЦА ВО БИТОЛА, цртеж 1926
50 × 36, своина на Галеријата

53 МОТИВ ОД КИЧЕВО, цртеж 1927
50 × 36, своина на Галеријата

54 МОТИВ ОД ТЕТОВО, цртеж 1925
50 × 36, своина на Галеријата

55 МОТИВ ОД ДЕБАР, цртеж 1929
50 × 36, своина на Галеријата

56 ЏАМИЈА ВО БИТОЛА, цртеж 1928
45 × 36, своина на Галеријата

57 МОТИВ ОД ГАЛИЧНИК, цртеж 1927
50 × 36, своина на Галеријата

58 ДУЌАНИ ПРЕД КУРШУМЛИ АН, цртеж
36 × 25, своина на Галеријата

59 УЛИЦА ВО СКОПЈЕ, цртеж
36 × 25, своина на Галеријата

60 УЛИЦА ВО СКОПЈЕ, цртеж 1925
36 × 25, своина на Галеријата

61 КУЛА ВО КРАТОВО, цртеж
36 × 25, своина на Галеријата

62 ЖЕНСКИОТ МАНАСТИР ВО БЕРОВО, цртеж
36 × 25, своина на Галеријата

63 МАНАСТИРОТ СВ. ЈОВАН КАЈ КРУШОВО, цртеж 1924
32 × 25, своина на Галеријата

64 МАНАСТИРОТ СВ. НАУМ, цртеж 1926
53 × 38, своина на Галеријата

65 КУЌА ВО ОХРИД, цртеж 1927
53 × 38, своина на Галеријата

66 МОТИВ ОД ОХРИД, цртеж
36 × 26, своина на Галеријата

67 МАНАСТИРОТ МАТКА, цртеж
36 × 26, своина на Галеријата

68 ЦРКВАТА ВО С. ВАРОШ КАЈ ПРИЛЕП, цртеж
36 × 26, своина на Галеријата

69 СТАРО СКОПЈЕ, цртеж
50 × 36, своина на Галеријата

70 МОТИВ ОД ОХРИД, цртеж
50 × 36, своина на Галеријата

71 МАНАСТИРОТ НЕРЕЗИ, цртеж
35 × 24, своина на Галеријата

72 КУРШУМЛИ АН ВО СКОПЈЕ, цртеж
50 × 36, своина на Галеријата

**ЈАКАЦ БОЖИДАР, Љубљана**
роден 1899 во Ново Место

73 С. ПЕШТАНИ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО, графика I
16 × 25, приватна своина

74 С. ПЕШТАНИ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО, графика II
16 × 25, приватна своина

**КОРУБИН МИЛЕ, Скопје**
роден 1922 во Прилеп

75 СТАРО СКОПЈЕ, масло на платно
53 × 78, своина на Галеријата

**КОСТОВКСИ БРАНКО, Скопје**
роден 1924 во Скопје

76 МОТИВ ОД СКОПЈЕ, 1953, масло на картон
55 × 78, своина на Галеријата

77 НОЌ, гваш,
68 × 48, своина на Галеријата

**КОЦОМАН ВАНГЕЛ, Скопје**
роден 1905 во Струга

78 ДРИМ ВО СТРУГА, масло на платно 1939
45 × 64, своина на Галеријата

79 МОТИВ ОД СКОПЈЕ, масло на картон 1953
42 × 59, своина на Галеријата

80 СТАРО И НОВО СКОПЈЕ, акварел
34 × 48, своина на Галеријата

81 МОТИВ ОД ОХРИД, масло на картон
54 × 73, своина на авторот

82 МОТИВ ОД ПРИЛЕП, масло на картон 1956
50 × 66, своина на авторот

83 ПОКРАЈ ВАРДАР, масло на картон
45 × 59, своина на авторот

**КРИЗМАН ТОМИСЛАВ, Загреб**
роден 1882 во с. Водостај кај Карловац, умрел 1957

84 СКОПСКА ЧАРШИЈА, акварел
40 × 55, своина на Галеријата

85 СКОПСКА ЧАРШИЈА, сепија
39 × 53, своин ана Галеријата

86 КАМЕНИОТ МОСТ ВО СКОПЈЕ 1926, сепија
50 × 70, своина на Народниот музеј Белград

87 МОТИВ ОД СКОПЈЕ, 1919, графика
47 × 50, своина на Народниот музеј Белград

88 МОТИВ ОД СКОПЈЕ, 1918, графика во бои
47 × 58, своина на Народниот музеј Белград

89 МОТИВ ОД СКОПКСАТА ЧАРШИЈА, графика
16 × 23, своина на Народниот музеј Белград

**КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ, Скопје**
роден 1923 во Битола

90 ПЕЈЗАЖ 1960, масло на платно
80 × 100, своина на авторот

91 ПЕЈЗАЖ, масло на картон
60 × 84, своина на авторот

**ЛАЗАРУ — Зограф**
од с. Мелник — Струмичко

92 АДАМ И ЕВА ВО РАЈОТ — I, предела од иконостасот
во црквата во с. Робово — Струмичко,
61 × 89 од 1867 г.

93 АДАМ И ЕВА ВО РАЈОТ — П, предела од иконостасот
во црквата во с. Робово — Струмичко,
61 × 89 од 1867 г.

**ЛАЗЕСКИ БОРКО, Скопје**
роден 1917 во Прилеп

94 ЗИМА, масло на картон 1949
52 × 71, своина на Галеријата

**ЛИЧЕНОСКИ ЛАЗАР, Скопје**
роден 1901 во Галичник

95 БАЧИЛО, масло на платно 1949
112 × 160, своина на Галеријата

96 РАДОЖДА, масло на картон
79 × 97, своина на Галеријата

97 АФИОН I, масло на картон
76 × 66, своина на Галеријата

98 АФИОН II, масло на картон 1959
100 × 72, своина на авторот

99 ДОЛАП, масло на картон
115 × 77, своина на авторот

100 ГАЛИЧНИК 1958, масло на платно
112 × 160, позајмено од Држ. секретаријат за финансии

**ЛОЗАНОСКИ РИСТО, Скопје**
роден 1923 во Прилеп

101 МАРКОВ ГРАД КАЈ ПРИЛЕП, масло на платно
67 × 94, своина на Галеријата

102 ЦРТЕЖ I, туш
42 × 60, своина на авторот

103 ЦРТЕЖ II, туш
42 × 60, своина на авторот

**МАРИНКОВИЌ ЉУБОДРАГ-ПЕНКИН, Скопје**
роден 1923 во Прилеп

104 ПРИКВЕЧЕРИНА 1954, масло на платно
57 × 70, своина на Народниот музеј Прилеп

**МИЛИЌЕВИЌ КОСТА, Белград**
роден 1877 во с. Враце
кај Скадар, умрел 1920

105 МОТИВ ОД МАКЕДОНИЈА, цртеж
33 × 47, своина на Народниот музеј Белград

**МИЛОВАНОВИЌ МИЛАН, Белград**
роден 1876 во Крушевац, умрел 1946

106 МОТИВ ОД СКОПЈЕ, масло на платно
своина на Народниот музеј Белград

**НИКОЛОВСКИ ПЕТАР, Скопје**
роден 1922 во Скопје

107 ПЕЈЗАЖ 1959, масло на картон
30 × 50, своина на авторот

**НИКОЛОВСКИ ТРАЈЧЕ, Скопје**
роден 1919 во Прилеп

108 МОТИВ ОД ПРИЛЕП, акварел
36 × 50, својина на Галеријата

109 ПЕЈЗАЖ, масло на картон
53 × 82, својина на авторот

**ПАВЛОВИЌ ДРАГОЉУБ, Белград**
роден 1876 во Белград, умрел 1956

110 КАЈМАКЧАЛАН, масло на платно
49 × 122, својина на Народниот музеј Белград

**ПЕЈОВИЌ СЛОБОДАН, Белград**
роден 1932 во с. Мразовци

111 ТУТУНАРСКА КУЌА, темпера на картон
51 × 36, приватна својина

112 РИДОТ, темпера на картон
51 × 36, приватна својина

**ПОПОВИЌ ВАСИЛИЕ-ЦИЦО, Скопје**
роден 1914 во Скадар

113 МОТИВ ОД СКОПЈЕ, акварел
37 × 28, својина на Галеријата

114 МОТИВ ОД СКОПЈЕ, сепија
37 × 25, својина на Галеријата

**ПОПОВСКИ БОГОЈА, Скопје**
роден 1920 во с. Велмај (охридско)

115 ЕСЕН ВО ПАРКОТ, масло на картон
46 × 56, својина на Галеријата

**ПОРТИЕР М.**

116 МОТИВ ОД СКОПЈЕ, акварел
38 × 46, својина на Галеријата

**ПРОТУГЕР ДИМЧЕ, Скопје**
роден 1920 во Охрид

117 ПЕЈЗАЖ, масло на картон
28 × 40, својина на Галеријата

**РЕВЕЛАНТ ЈОСИП**

118 МОТИВ ОД КРАТОВО, цртеж
41 × 27, својина на Галеријата

**СВЕЧЊАК ВИЛИМ, Загреб**
роден 1906 во Загреб

119 МОТИВ ОД СКОПЈЕ, масло на картон
65 × 50, своина на Галеријата

**СИМОНЧЕСКИ ЈОНЧЕ, Охрид**

роден 1921 во Охрид

120 ПЕЈЗАЖ ОД ОХРИДСКО, масло на картон
83 × 165, своина на авторот

**СЛАВИН НИКОЛА**

121 ЦРКВАТА ВО СТ. НАГОРИЧИНО, акварел
31 × 44, своина на Галеријата

**СПИРОСКИ ПЕТАР, Битола**

роден 1928 во Битола

122 МОТИВ ОД БИТОЛА, масло на платно
55 × 70, своина на Галеријата

**ТРАЈКОВСКИ БОРИС, Битола**

роден 1917 во Битола

123 СИВА ВОДА, масло на платно
108 × 89, своина на Галеријата

**ТРИВИЌ ДМИТАР, Белград**

124 КУКУЛ, масло на платно
51 × 75, своина на Народниот музеј Прилеп

**УМЕР ЕЈУП, Истамбул**
роден 1924 во Прилеп

125 ПЕЈЗАЖ, акварел
31 × 42, своина на Народниот музеј Прилеп

**ФИЛИПОВ ТОМИСЛАВ, Скопје**
роден 1935 во Скопје

126 МОТИВ ОД ГОРНО НЕРЕЗИ, темпера на платно
37 × 58, своина на авторот

**ШОЈЛЕВ МИХАИЛ, Скопје**
роден 1887 во Т. Велес

127 МОТИВ ОД КРАТОВО, масло на платно
60 × 75, своина на Галеријата

# РЕПРОДУКЦИИ

Ан. Ѓ.
ПЕЈЗАЖ—ДЕТАЉ →
(ред. бр. 5)





ЛИЧЕНОСКИ ЛАЗАР

БАЧИЛО
(ред. бр. 95)



ЛИЧЕНОСКИ ЛАЗАР　　　　АФИОН



ИВАНОВИЌ ЉУБА

МОТИВ ОД КРАТОВО
(ред, бр. 39



АВРАМОВСКИ-ПАНДИЛОВ ДИМИТАР

ОХРИД
(ред. бр. 6)



КРИЗМАН ТОМИСЛАВ

СКОПСКА ЧАРШИЈА
(ред. бр. 84)



КОЏАМАН ВАНГЕЛ

ПОКРАЈ ВАРДАР
(ред. бр. 83)